РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ"

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

# НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

# „ПАВЕЛ ШАТЕВ"

Број 02-530/3
30.12.2024 година

Скопје, 30.12.2024 година

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 129/2023 и 53/2024), (во понатамошниот текст Законот) и член 10 став 4 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" („Службен весник на Република Северна Македонија" број 172/2023 и 62/2024), Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, на седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

# ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ"

## Член 1

(1) Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" (во понатамошниот текст Управниот одбор).

## Примена на јазици и писма

## Член 2

(1) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители во вршењето на својата работа, работи и одлучува на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните согласно Законот за употреба на јазиците.

## Конституирање на нов состав на Управниот одбор

## Член 3

(1) Академијата 45 дена пред истекот на мандатот на постојниот Управен одбор доставува дописи со барање за номинација на членови и заменици членови на Управниот одбор на Академијата до институциите од член 9 од Законот.

(2) Во барањето од ставот (1) на овој член се определува краен рок од еден месец за достава на повратен одговор со номинација на членови и заменици членови на Управниот одбор.

(3) Конститутивната седница на Управниот одбор се одржува најдоцна во рок од 15 дена по завршувањето на мандатот на претходниот Управен одбор, а ја свикува и со неа заседава најстариот назначен член на Управниот одбор.

(4) Мандатот на членовите на Управниот одбор и нивните заменици трае четири години, без право на последователен избор.

## Начин на работа на Управниот одбор
## Член 4

(1) Управниот одбор ги остварува своите надлежности на јавна седница.

(2) Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Управниот одбор. Во случај на негово отсуство Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив претседава заменик претседателот на Управниот одбор. Во тој случај се повикува заменикот член на претседателот на управниот одбор.

(3) Седница на Управниот одбор може да се свика и по барање на директорот или на член на Управниот одбор.

(4) Управниот одбор одржува седница ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор. Ако на седницата треба да се одлучува за прашања за кои е потребно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови, седницата се одржува ако се присутни две третини од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(5) Се смета дека членот на Управниот одбор е присутен доколку постои двонасочна телефонска или друга врска (видеоконференциска), која гарантира идентификација и дозволува учество во дискусијата и донесувањето на одлуката. Гласот на овој член се потврдува во записник од страна на присутните членови на Управниот одбор.

(6) Доколку членот на Управниот одбор е спречен да присуствува на закажана седница, на седницата, ја известува Академијата во рок од најдоцна 2 дена, за да на седницата навремено се покани да присуствува неговиот заменик член, во кој случај и на заменикот член му се доставуваат предлог дневниот ред и материјалите за седницата.

(7) Доколку членот на Управниот одбор е определен согласно законот за вршител на должноста директор на Академијата, функцијата член на Управниот одбор ја врши заменикот член се до именувањето на нов директор на Академијата.

(8) Работите од надлежност на Управниот одбор се наведени во член 11 од Законот и член 11 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители.

## Избор на претседател на Управниот одбор
## Член 5

(1) Претседателот на Управниот одбор и заменик претседателот на Управниот одбор се избираат од редот на судиите и јавните обвинители, членови на Управниот одбор.

(2) Изборот на претседател и негов заменик се врши на првата конститутивна седница на Управниот одбор.

(3) Одлуката за избор на претседател на Управниот одбор и неговиот заменик се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(4) При предлагањето и изборот на претседател и заменик претседател на Управниот одбор, ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност од член 8 од Законот.

(5) Мандатот на претседателот и заменик претседателот на Управниот одбор трае две години, со можност за уште еден избор.

(6) Претседателот на Управниот одбор закажува седница за избор на нов претседател и заменик претседател на Управниот одбор пред истекот на мандатот на постојниот претседател и заменик претседател на Управниот одбор/настапување на други околности за престанок на функцијата во Управниот одбор најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот/настапувањето на другите околности на постојниот претседател и заменик претседател на Управниот одбор.

**Седници на Управниот одбор**
**Член 6**

(1) Седниците на Управниот одбор се јавни.

(2) По исклуок, јавноста може да биде исклучена од седница со одлука на Управниот одбор доколку се одлучува за утврдување на дисциплинска одговорност или постапка за разрешување на директор/заменик на директор или член/заменик член на Управниот одбор на Академијата доколку со истото би се нарушил угледот на лицето за кого се води дисциплинска постапка односно постапка за разрешување

(3) Одлуката од ставот (2) на овој член Управниот одбор ја донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(4) Во случаите од ставот (2) на овој член, за одлуката за исклучување на јавноста се известува преку веб страната на Академијата.

(5) На седниците на Управниот одбор присуствува директорот без право на глас. На седницата можат да бидат поканети и членовите на Програмскиот совет и на комисиите, раководителите и вработените лица во Службата за стручно помошно – технички работи на Академијата, како и други лица во зависност од прашањата коишто се ставени на разгледување на дневен ред на седниците.

**Начин на свикување на седница на Управниот одбор**
**Член 7**

(1) Предлогот на дневниот ред, подготвен од претседателот-заменик претседателот се доставува до членовите на Управниот одбор најдоцна седум дена пред одржувањето на седницата преку електронска пошта. Материјалите за работа се доставуваат до членовите на Управниот одбор најдоцна пет дена пред одржувањето на седницата преку електронска пошта.

(2) Во случаи кога треба да се одлучува за итни и неодложни прашања, седница може да се закаже во пократок рок, преку користење на средства за електронска комуникација, а материјалите може да се доставaт и на самата седница.

(3) Во случаите од претходниот став на овој член, доколку материјалите за седницата се доставуваат на самата седница, членовите на Управниот одбор, однапред задолжително се известуваат за прашањата за чие решавање се свикува седницата.

(4) На првата седница од месецот, кон материјалите се доставува преглед од присуства и исплати на членовите/замениците членови, пропорционално на бројот на седниците, на кои што присуствувале за претходниот месец, за кој се извршила исплатата согласно член 13 став (3) од Законот за АСЈО.

(5) Во случај на одложување на веќе закажана седница на Управниот одбор, Претседателот на Управниот/заменикот претседател на Управен одбор е должен до членовите на Управниот одбор да даде образложение за одложувањето.

## Тек на седницата
## Член 8

(1) Претседателот на Управниот одбор ја отвора седницата и констатира дали се исполнети условите за одржување на седницата согласно член 12 став (1) од Законот и член 4 став (4) од овој Деловник.

(2) Откако ќе констатира дека седницата може да се одржи, претседателот на Управниот одбор го става предлогот на дневниот ред на разгледување и усвојување.

(3) Секој член на Управниот одбор и директорот на Академијата има право да предложи дополнување или измена на предложениот дневен ред непосредно пред одржувањето на седницата или на самата седница, особено ако се работи за прашања кои бараат особена итност во одлучувањето и за кои нема потреба од претходна подготовка и проучување.

(4) По предлогот од претходниот став на овој член се одлучува на самата седница со мнозинство гласови.

(5) По исклучок, на седницата чие одржување е веќе закажано, можат да се предложат за разгледување и решавање и други прашања надвор од предлогот на дневниот ред, за кои е потребно да се подготви материјал.

(6) Предлагачот на новото прашање е должен да го подготви и достави материјалот до членовите на Управниот одбор најдоцна два дена пред одржувањето на седницата.

(7) Управниот одбор на седницата одлучува дали ќе го вклучи тоа прашање во дневниот ред со мнозинство гласови.

## Член 9

(1) Предлогот на дневниот ред се усвојува на самата седница со мнозинство гласови.

(2) По усвојувањето на дневниот ред, се пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница и се отвора расправа по точките и прашањата од дневниот ред.

**Член 10**

(1) Со текот на седницата раководи претседателот на Управниот одбор.

(2) Во случај на отсуство на претседателот на Управниот одбор, со текот на седницата раководи заменик претседателот на Управниот одбор, а во случај на нивно отсуство, член на Управниот одбор овластен од претседателот на Управниот одбор.

(3) Претседателот на Управниот одбор се грижи за одржување на редот на седницата.

**Начин на одлучување**

**Член 11**

(1) Одлуките се донесуваат по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор, освен кога во случаи определени со законот, се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

(2) Доколку не се обезбеди потребното мнозинство од став (1) на овој член, седницата се одлага и претседателот веднаш закажува нова седница, која ќе се одржи најдоцна во рок од седум дена од денот на одлагањето на седницата.

(3) Одлуките по ставениот предлог за гласање се гласаат ЗА или ПРОТИВ од страна на присутните членови на седницата.

(4) Членовите на Управниот одбор гласаат со кревање рака или преку усно искажување на мислењето.

(5) Управниот одбор своите одлуки ги донесува во форма на одлуки и заклучоци.

(6) Доколку за времетраењето на мандатот кај член на Управниот одбор се појави состојба на постоење судир на интерес, тој има обврска да се изземе од конкретниот процес каде што постои судир на интерес, во согласност со закон, да ја образложи причината за потребата од изземањето и истото ќе се евидентира записнички, а за таа седница ќе се повика заменикот член.

**Постапка за именување на директор и заменик директор на Академијата**

**Член 12**

(1) При спроведувањето на постапката за именување на директор и заменик директор на Академијата, се применуваат одредбите од Законот и Статутот.

(2) Стручната служба на Академијата составува листа на кандидати за директор односно заменик на директор, за кои во Извештајот на Комисијата од член 15 од Статутот, е констатирано дека ги исполнуваат условите за директор односно заменик на директор, наредени редоследно по азбучен ред на презиме и истата ја

доставува до претседателот на Управниот одбор/заменикот претседатаел на Управен одбор на седницата на која се врши именување на директор односно заменик на директор.

(3) Претседателот на Управниот одбор/заменикот претседател на Управен одбор јавно ги чита кандидатите од листата од став (2) на овој член за секој еден кандидат по редослед по кој се наведени се врши јавно гласање, а по секое гласање се констатира колкав број на гласови добил секој еден кандидат.

(4) Секој член на Управниот одбор преку јавното гласање има право да го даде својот глас за еден или повеќе кандидати.

(5) Управниот одбор го именува за директор/заменик директор кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(6) Бројот на гласови се констаира јавно и истовремено се објавува одлуката.

(7) Во случај повеќе кандидати да добијат ист број на мнозинство гласови, се врши прегласување само за кандидатите кои добиле ист број на мнозинство гласови, по редослед на азбучен ред на презиме.

(8) Во случаите од ставот (6) на овој член, членовите на Управниот одбор имаат право да гласаат само за еден од кандидатите за кои се врши прегласување.

**Водење записник**

**Член 13**

(1) На седницата на Управниот одбор се води записник, кој се усвојува на наредната седница и по усвојувањето се објавува на веб страницата.

(2) Записникот содржи податоци за времето местото и датумот на одржување на седницата, присутните членови, дневниот ред, учесниците во дискусиите, донесените заклучоци и одлуки, како и евентуални издвоени мислења на членови на Управниот одбор.

(3) Записникот го води вработено лице во Службата за стручно помошно – технички работи на Академијата, определено со актот за систематизација на работните места или со одлука на директорот.

(4) Записникот го потпишуваат претседавачот на седницата и записничарот.

(5) Седницата се снима аудиовизуелно и емитува во живо согласно начелото на транспарентно работење од член 6 од Статутот на Академијата.

(6) По исклучок од ставот 6 на овој член, поради непостоење на техничка можност за емитување на седницата во живо, седницата може да се одржи доколку истата се снима аудиовизуелно.

(7) Записникот од одржаната последна седница на Управниот одбор чиј мадат истекува се усвојува на седница свикана од истиот Управен одбор заради усвојување на овој записник.

**Член 14**

(1) На првата седница по конситуирањето Управниот одбор може да го утврди постојниот деловник за работа, да донесе измени и дополнувања или да донесе нов деловник за работа.

(2) Деловникот за работа на Управниот одбор и неговите измени и дополнувања ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 15**

(1) Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување, а се објавува на интернет страницата на Академијата.

(2) Со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители број 02-329/4 од 08.11.2018 година.

Претседател на Управен одбор
Претседател на Основен граѓански суд Скопје
Судија Besnik Avdija